РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-313/2
07-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение од 99-та седница одржана на 30.01.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.12-1315/1 од 28.02.2022 година, оформен по доставена пријава со наводи против --- и ---, со наводи за незаконско водење на судска постапка и сомнежи за корупција, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи постапил друг надлежн орган.

Предметот со бр. 12-1315/1 од 28.02.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 28.02.2022 година, поднесена е пријава со наводи против --- и --- и оформен е предмет број 12-3928/1 од 09.08.2023 година.

Во пријавата подносителот пријавува незаконито водење на судска постапка, односно незадоволство од постапување на судија ---, каде тужител е --- а тужен подносителот на пријавата.

Во прилог на пријавата меѓу другите докази е доставено и Известување за претставка бр. --- година, донесена од Судскиот Совет на РСМ со што се констатирани неправилностите при водење на судската постапка односно Советот констатира дека претставката е основана.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК писмено се обрати до Судскиот Совет на РСМ, со барање за доставување информации дали за констатираните неправилностите од Нивна страна дека претставката на подносителот се основанаи и дека од нивна страна понатаму ќе бидат превземени дејствија во насока на утврдување на одредени факти и докази за понатамошното постапување да не известат дали е постапено и дали е донесено Решение за конкретниот предмет.

Во доставениот одговор од нивна страна е наведено дека од нивна страна е постапено по конкретниот случај, превземени се сите законски дејствија но имајќи го предвид фактот дека судијата --- е пензионирана, и поминат е рокот во кој може да се

иницира постапка за утврдување на одговорност, Судскиот совет на РСМ не е во можност понатаму да превземе дејствија во врска со конкретниот случај.

Од горенаведеното се констатира дек ДКСК нема елементи за надлежно постапување и поради тоа одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Одобрил: Г.Т

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk